ЗАПИСНИК

Четврта седница на Локален Економско Социјален Совет на Општина Битола која се одржа на **29.01.2015 (четврток)** во Општина Битола со почеток во 12:00 ч. Седницата ја водеше Симеон Силјановски – потпретседател на ЛЕСС Битола.

Присутни членови на ЛЕСС: (прилог список за присуство)

Членовите на ЛЕСС едногласно го усвоија следниот:

Дневен ред

1. Усвојување на записникот од последниот состанок
2. Информација во врска со преземените активности што произлегоа како задачи од последната средба
3. Информација и анализа на предлогот/предлозите кои треба се реализираат во најскоро време
4. Усвојување на предлогот кој ќе се имплементира со помош на финансиска поддршка од УСАИД ЈЕС Мрежа
5. Разно
6. Утврдување датум за следниот состанок

На состанокот од оправдани причини беа отсутни неколку членови: Претседателот на ЛЕСС, Томислав Давков беше итно повикан во Скопје на Кризен Штаб поради моменталната состојба со поплавите, Снежана Петровска, Вилма Костовска и директорот на гимназијата Кирил Печалев беа отсутни поради тековниот штрај на просветните работници во училиштата, советниците имаа редовна седница на Совет.

На состанокот присуствуваше и Градоначалникот на Опшина Битола, Владимир Талески. Тој истакна дека поради тековниот состанок на Советот на Општина Битола нема да биде во можност да присуствува на состанокот до крај, но дека од ЛЕСС очекува добри идеи и предлози за чијашто реализација тој лично ќе се задолжи.

Состанокот го отвори потпретседателот на ЛЕСС Битола, Симеон Силјановски кој го прочита дневниот ред и стави на гласање. Едногласно беше прифатен.

Точка 1 беше едногласно усвоена.

Точка 2 и 3:

- **Идеја да се организира средба со поголемите фирми од регионот:** По однос на оваа точка беше истакнато дека се' уште не се превземени активности кои произлегоа од минатата средба. Како што беше истакнато, во изминатиот период поради новогодишните и божикните празници немаше услови за посета на компаниите. Идејата да се организира средба со поголемите компании во Општина Битола (ЗК Пелагонија, Кромберг и Шуберт и Сокотаб Битола) останува да се организира во наредниот период. Одговорно лице за оваа активност е Виолета Налевска. Исто така, беше утврден тимот кој ќе присуствува на средбите со компаниите.

  Симеон Силјановски
  Претставник Општина
  Членовите од општинскиот совет
  Ѓорги Јошевски
  Јешим Сефуловска

- **Идејата за Старт Ап Гринд** останува за понатаму, затоа што Розита Талевска која ја предложи идејата не беше присутна на седницата.

- **ИПА Проект:** По однос на оваа точка, збор зеде раководителката на Центарот за вработување Битола, Јешим Сефуловска, која нагласи дека во рамките на апликацијата за ЕУ Твининг проектот „Поддршка на Агенцијата за вработување за спроведување на активни мерки и услуги на пазарот на трудот преку ИПА“ добиен е потврден одговор од страна на донаторот за реализација на обуки за напредни ИТ вештини: програмски јазици JAVA и C++. Во наредниот период се очекува да се започне со реализација на овие обуки кои пред се' ќе бидат наменети за млади лица. Предлог на раководителката на ЦВ беше да се формира тим - за набљудување на обуките, и како предлог ги даде следните: Наташа Алабаковска-претседател на тимот, Симеон Силјановски-потпретседател, Лидија Велјановска-член, Ѓорѓи Кочовски-член. Во Оперативниот план на Владата се предвидени и други обуки, како што се обуките за јазици, основни ИТ вештини, комуникациски вештини и др. Корисниците на социјална помош ќе бидат исто така, вклучени во активностите.

Точка 4: Во днос на оваа точка за имплементација на активност со поддршка на ЈЕС Мрежа/УСАИД збор зеде Нико Јанков – претседател на Мобилност Битола. Тој даде предлог за реализација на настан кој ќе вклучува панел дискусија и саем на ракотворби, која би се реализирала во текот на месец март 2015 (предлог е втора половина на март), а каде ќе бидат вклучени лица со инвалидитет (овој термин беше предложен како соодветен). На самата активност би се промовирале можностите за вработување според новиот Закон за вработување на лица со инвалидитет. Тој истакна дека може да покани лица од Националното тело и од МАНУ кои би ја воделе оваа панел дискусија. Тој замоли раководителката на ЦВ Битола или некој друг претставник од АВРМ исто така, да бидат присутни на панел дискусијата. Самиот настан би имал мото „И ние сме дел од вас“. Задолжени за агенда на настанот би биле Мобилност и ЈЕС Мрежа, а одговорно лице Нико Јанков. За изработка на плакат и леток ќе биде побарана поддршка од ЈЕС Мрежа, летокот да се печати во примерок од 200 парчиња, а плакатот 50 парчиња. Предлог локација за оваа активност е Малата сала на Центарот за култура во Битола, а одговорна за обезбедување на локацијата и медиумите ќе биде Виолета Налевска.

Точка 5: Нови предлоза за ЛЕСС Битола:

- Контакти со менаџментот на поголеми компании со цел отворање на можности за вработување на младите;
- Ажурирање на лица со инвалидитет кои не се пријавени во АВРМ. За оваа цел треба да се поканат заштитните друштва на некој настан на ЛЕСС;
- Промоција и медиумска застапеност на ЛЕСС.

Точка 6: Нареден состанок е закажан за последниот четврток во февруари (26 Февруари 2015).

ЛЕСС Општина Битола

Записничар
М-р Виолета Налевска

Претседател
Томислав Давков

Бр.40-2/2
12.02.2015